АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 04. 12. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6901 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 ноември 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 декември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на радио);

- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 07.00 до 19.00 часот);

- **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

**6. Претходно изречена мерка: /**

**7. Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 ноември 2015 година, на регионално ниво (Скопје), **не се констатирани прекршувања** на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***